СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр.09-4495/1 од 09.10.2018 година
С К О П Ј Е

ДО
ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (”Службен гласник на Општина Гази Баба” бр.4/06 и 12/13), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам **Петнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **16.10.2018 година (вторник) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-4434/1 од 05.10.2018 година;
2. Предлог - Одлука за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Одлуката за поништување на изборите за членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-4434/2 од 05.10.2018 година;
4. Предлог - Одлука за поништување на изборите за членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства за надоместок на трошоци за престој и исхрана на семејства од опожарени домови;
6. Предлог - Одлука за донесување на Програма за работа на ООУ ”Његош” - Скопје, за учебната 2018/2019 година;
7. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈУДГ ”Детска радост” - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2017/2018 година;
8. Предлог - Одлука за донесување на Годишна Програма за работа на ЈУДГ ”Детска радост” - Општина Гази Баба - Скопје, за период 2018/2019 година;

9. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 03 Блок 03, Општина Гази Баба - Скопје;
10. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 11 Блок 02, Општина Гази Баба - Скопје;
11. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на висина на комунална услуга - за приклучок на вода за пиење за населеното место Раштак - Општина Гази Баба; и
12. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, за финансиско учество за изградба на дел од улица ”Никола Киров Мајски” и улица ”5” во населба Хиподром 2, со комплетна инфраструктура.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски, с.р.